14441

„Нова Макед." - неделна 14 февруари 1971 година.

X 14441

# ПОЈАСНУВАЊЕ

Во написот „За една артифициелна конфронтација", објавен минатата недела, помеѓу другото станувате збор и за компетенциите на ДЛУМ и МСУ. За да не дојде до едно упростено толкување на мислењето што е во тој дел од написот и го даваме ова појаснување.

ДЛУМ би требало да биде компетентно како консултативно тело во политиката на МСУ, а не како вреднувачки фактор, зашто, тоа се знае, МСУ е интегрална установа. Од друга страна, компетенциите на МСУ во таа смисла не може да бидат концентрирани во една личност, зашто таа по некој клуч влегува во вреднувачки тела исклучиво поради тоа што се наоѓа на челна позиција во установата.

Тоа беше целта на написот и секое друго толкување би било неточно. Во секој случај, ние на овој начин им се извинуваме на читателите кај кои можело да дојде до недоразбирање.